Крајниот рок за поднесување пријави за повикот за акциски грантови на Цивика мобилитас, реф. бр. ЦМ-АКТ-01 е **среда, 20 мај 2015 г. до 16 часот**. Канцеларијата на МЦМС ќе биде отворена за прием на пријавите од
**9 до 16 часот**
на 20 мај 2015 г.

Им обрнуваме внимание на апликантите пред да ја поднесат пријавата внимателно да го прочитаат **ВОДИЧОТ ЗА АПЛИКАНТИТЕ** , дел 3.4. Поднесување на пријавата. Поточно.

**Пријавата која е поднесена лично, преку пошта или курирска служба мора да биде доставена пред истекот на крајниот рок до следнава адреса:**

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
за програмата **Цивика мобилитас**
ул. Никола Парапунов, бр. 41а
(за доставување лично или со курирска служба)
Пошт. фах 55, 1060 Скопје
(за доставување преку пошта)

Пријавите мора да бидат поднесени во **ЕДЕН запечатен плик со истакнати**:

- Наслов на повикот за предлози: Цивика мобилитас - акциски грантови;
- Референтен број на овој повик за предлози: ЦМ-АКТ-01;
- Име на апликантот;
- Адреса на апликантот;
- Зборовите: „ДА НЕ СЕ ОТВОРА ПРЕД СЕСИЈАТА ЗА ОТВОРАЊЕ“.

Запечатениот плик треба да содржи:

- Еден оригинал, отпечатен, захефтан и потпишан во формат А4;
- Пет копии, отпечатени и захефтани во формат А4.

- Една електронска верзија на ЦД или УСБ.

За да се избегнат трошоци и за да се заштити животната средина, препорачуваме двострано печатење и да не се користи пластифицирање.

Повеќе информации за повикот .
Повеќе информации за локацијата на канцеларијата на МЦМС, вклучително мапа .